КМРСМ
КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЗАПИСНИК

од Второ Собрание на Комората на медијатори на Република Северна Македонија одржано на ден 22.05.2019 година (среда) со почеток во 17:00 часот во просториите на Општина Гази Баба - Скопје

Собранието го отвори и со истото претседаваше претседателот на КМРСМ, М-р Славе Младеновски

Формирана е Комисија за верификација со следните членови:

- Гордана Богеска – претседател на Комисија за верификација
- Александра Крфиски
- Дарко Ѓорѓиевски

Комисијата по пребројување на присутните членови на Комората, констатира од вкупно 42 членови на Комората, присутни се 23 медијатори, односно дека има кворум за работа и одлучување на Собранието.

Прилог : Список со потписи на присутните членови на Собранието

Претседателот м-р Славе Младеновски го прочита дневниот ред , па по констатирањето со едногласно прифаќање на членовите дека се согласни да се расправа по истиот, го стави на гласање записникот од претходната седница на Собранието на КМРСМ, одржана на 24.03.2019 година.

Записникот беше усвоен со 23 гласа За. Немаше гласови против, немаше воздржани

За збор процедурално се јави медијатор Дејан Белевски кој што предложи да се направи измена во редоследот на точките во дневниот ред, односно под точка еден да се стави расправа по одлуката за членство на КМРСМ во Сојуз на стопански комори на Македонија, а под точка два да се стави усвојувањето на одлуката за примена на Уставен амандман XXXIII.

Измената на дневниот ред е усвоена со 23 гласа За, Немаше против, немаше воздржани.

1. **Верификација на Одлуката за членство во Созјузот на Стопански комори на Македонија (ССКМ)** –

Претседателот на КМРСМ образложи дека пристапувањето на Комората кон членство во Сојузот на Стопански Комори на Македонија како 34-та членка е во согласност со Законската регулатива и отворената можност пропишана во Статутот на Комората за зачленување и пристапување на Комората во членство и сојуз со домашни и меѓународни организации, сојузи и други правно регистрирани асоцијации заради промовирање и афирмирање на медијацијата како еден од алтернативните начини на решавање на споровите што може да донесе обостран бенефит и за деловните субјекти кои членуваат во ССКМ и за медијаторите.

Појасни дека годишната чланарина за членство на КМРСМ во ССКМ изнесува 12.000,00 денари. Исто така појасни дека иако одлуката за зачленување веќе е прифатена на претходната седница на Собранието одржано на 24.03.2019 година со 26 гласа ЗА, потребна е верификација на Одлуката за членство за да се расчистат сите дилеми околу интересот на Комората и нејзините членови дали може и на каков начин се врши зачленувањето во ССКМ.

Претседателот м-р Славе Младеновски појасни дека верификацијата на Одлуката за членство во ССКМ за која членовите на Комората се изјаснија дека ја прифаќаат за да се пристапи кон сојуз со останатите 33 членки комори на ССКМ, е потребна бидејќи еден од медијаторите разговарал со претседателот на ССКМ потенцирајќи и дека донесената одлука за зачленување од 24.03.2019 година е протизаконита и противстатутарна, односно дека зачленувањето е направено на криминален начин.

Претседателот на Комората истакна дека со тоа се нанесува штета на интегритетот како на Комората, така и на сите медијатори. По излагањето на претседателот, за збор се јави медијатор Роза Алексова која нагласи дека во целост ја поддржува одлуката за зачленување на КМРСМ во ССКМ и дека ја смета за исклучително поволна како за медијаторите,така и за бизнис секторот, дека очекува со зачленувањето во ССКМ медијаторите членови на КМРСМ да се промовираат преку можноста да решаваат спорови на брз, ефикасен и економичен начин за правните субјекти кои се членови на ССКМ а се работи за огромна бројка од околу 23.000

членки што е од исклучителна важност како за медијаторите така и за промоција на медијацијата воопшто во државата. Притоа потенцираше дека правниот основ за зачленување на КМРСМ во Сојузот на Стопански Комори се наоѓа во чл.38 ст.2 т.13 и т.14 од Законот за Медијација, како и во чл.10, чл.12 ст.1 т.5 и чл.28 ст.1 т.25 од Статутот на Комората.

По ова, беше ставена на гласање одлуката за членство на КМРСМ во Сојузот на Стопански комори, при што за верификација на членството на КМРСМ во Сојуз на Стопански комори на Македонија гласаа од вкупно 23 присутни членови, ЗА – 23, а против и воздржани немаше.

Одлуката за членство на КМРСМ во ССКМ е верифицирана со 23 гласа ЗА.

2.Усвојување на Одлука за примена на Уставен амандман XXXIII на предлог на УО

По однос на оваа точка, претседателот со кратко обраќање до присутните појасни дека Комората е обврзана да ги следи Уставните и законските промени поради што УО и ја донел предложената Одлука по оваа точка.

За збор се јави медијатор Роза Алексова која предложи дополнување на Одлуката за примена на уставниот амандман со предлог да се измени чл.3 чл.7 и чл.8 а в.в. чл.48 од Статутот на Комората кои се однесуваат на називот и на печатот на Комората заради потребата од додавање на зборот ,,Северна,, во називот на Комората и на печатот кој го користи Комората. Притоа, предложи доколку Собранието го прифати ова дополнување, веднаш да се даде обврска за УО да прибави согласност од Министерство за Правда, бидејќи за секоја измена на Статут мора да се прибави согласност и од Министерството. Појасни и дека поддржува измени на Статутот кои за понатаму би ги подготвила Статутарната комисија, но бидејќи се работи за подолга процедура која бара повеќе време за анализа, а промената на називот и приманата на печатот се од есенцијално значење за работењето на Комората, сега да се изменат само два члена од Статутот. Побрзо и поефикасно е ако се изгласа промена на чл.3 чл.7 и член чл.8, а во врска со чл.48 од Статутот, а Управниот одбор да побара мислење од Министерството за правда.

По ова излагање, за збор се јави медијатор Дејан Белевски кој истакна дека на овој начин ќе ја добиеме битката и со нелиценцираните медијатори. Се залага што побрзо да се смени називот на Комората и смета дека друго подобно решение е и доколку во новиот Закон за медијација во називот на Комората стои лиценцирани медијатори. Исто така, предложи под итно да се побара средба за работен состанок во Министерството за правда.

Претседателот м-р Славе Младеновски ја стави Одлуката за примена на Уставен амандман XXXIII со предложеното дополнување на гласање како Одлука за примена на Уставен амандман XXXIII со измена на чл.3 чл.7 и чл.8 а вв чл.48 од Статутот на КМРСМ , при што предложената одлука беше усвоена со 23 гласа ЗА. Пртив немаше, Воздржани немаше.

3.Програма за работа на КМРСМ

По однос на оваа точка, претседателот појасни дека програмата е споделена и членовите ја имаа на увид, па отвори дискусија по точката.

За збор се јави медијатор Лепосава Апостоловски Велинов која постави прашање како дилема, дали во програмата треба да се стави промената на името на комората како предвидена активност на Комопрата за 2019 година. На ова се надовза медијатор Дејан Белевски со појаснување дека програмата и промената на Статутот се различни работи. За збор се јави и медијатор Гордана Богевска која истакна дека програмата се однесува на конкретни активности на комората, а не се однесува на законските измени кои што и да ги нема во програмата ќе мора да се направат. Притоа, беше гласно прочитан чл.48 од Статутот. А потоа за збор се јави медијатор Ана Богдановиќ која наведе дека во програмата како програмска определба веќе е наведена измената за која медијатор Лепа Апостоловски Велинов имаше дилема за дискусија, по што медијатор Лепосава, го повлече предлогот да се стави како активност во Програмата и промената на називот.

Претседателот м-р Славе Младеновски ја стави програмата за работа на КМРСМ на гласање и истата беше усвоена со 23 гласа ЗА.Против немаше, Воздржани немаше.

4.Усвојување Деловник за работа на надзорниот одбор на КМРСМ

Претседателот на Комората појасни дека членовите на НО доставиле до УО Деловник за работа на НО кој како предлог е споделен со членовите и отвори дискусија по истиот. Претседателот на Надзорниот одбор медијатор Дејан Белевски предложи образложение за предложениот деловник да даде медијатор Лепосава Апостоловски Велинов како член на НО на КМРСМ. За збор се јави медијатор Лепа Апостоловски Велинов, која истакна дека досега од страна на Собранието не бил усвоен Деловник за работа на надзорниот одбор на КМРСМ и дека е корисно истиот да се усвои и применува од НО. Други забелешки за предложениот деловник не беа кажани.

Претседателот м-р Славе Младеновски го стави Деловникот за работа на надзорниот одбор на гласање и истиот беше усвоен со 23 гласа За, Против немаше, Воздржани немаше.

5. Усвојување Одлука за измени и дополнување на Правилникот за формата, содржината и начинот на употребата на печат, штембил и лого на комората

По оваа точка, кратко обраќање имаше претседателот на Комората кој појасни дека предложената одлука на УО е во корелација со изменатa на Статутот за назив и печат и дека со истата ќе се изврши усогласување на Статутот и Правилникот за формата, содржината и начинот на употребата на печат, штембил и лого на комората.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот м-р Славе Младеновски ја стави оваа одлука на гласање и истата беше усвоена со 23 гласа За, Против немаше, Воздржани немаше..

6. Информација за изминати и за идни активности на УО и на Комората, информација за донесени одлуки на УО, за формирање комисии, за ангажирање адвокат на Комората на медијатори, за формирање координативно тело на УО

Претседателот м-р Славе Младеновски информираше дека Управниот одбор донесе одлуки за формирање на следните комисии:

- *Комисија за статутарни и правни прашања* која што ќе работи на измените на Статутот и други правни прашања

Задолжено лице од УО за следење на работата на Комисијата е Бранко Ушковски. Претседател на Комисијата е Ирена Цветковска.

За работата на оваа комисија, медијатор Розе Алексова предложи да се постави временска рамка за првично предлагање на нов текст пред членството од 30 дена.

- *Комисија за борба против нелегално претставување на граѓани како медијатори*

Задолжено лице од УО за следење на работата на Комисијата е Атанас Атанасов. Претседател на Комисијата е Дарко Ѓорѓиевски.

Медијаторите ако имаат било какви информации или документи за постапување на вакви лица, истите да ги доставиме до медијатор Дарко Ѓорѓиевски и медијатор Атанас Атанасов. Во вој дел, Претседателот Славе Младеновски истакна дека до Судскиот Совет на РСМ е доставено барање за информации за постапки во кои постапувале медијатори (по поднесена тужба) и се очекува одговор, при што му предложи на медијатор Атанас Атанасов да се обиде да ја добие бараната информација со ургенција.

- *Комисија за издаваштво и маркетинг* - Задолжено лице од УО за следење на работата на Комисијата е м-р Фросина Кипровска Лукиќ. Претседател на Комисијата е д-р Рефика Муриќ

- *Комисија за меѓународна соработка* – Задолжено лице од УО за следење на работата на Комисијата е Билјана Азеска Толеска. Претседател на Комисијата е Проф д-р Љупчо Сотироски

- *Комисија за обезбедување донации и спонзорство* Задолжено лице од УО за следење на работата на Комисијата е Надежда Неделковска. *Претседател на* Комисијата е Проф д-р Ќебир Авзиу. До оваа

комисија треба да се обратиме доколку имаме контакти преку кои што можеме да обезбедиме донации и спонзорства, особено за обезбедување средства за печатење на Ревијата на медијатори.

- *Координативно тело* – секретар е Гордана Богеска на која и се предадени административните работи на КМРСМ.

Претседателот м-р Славе Младеновски истакна дека Комората на медијатори на Словенија е заинтересирана за соработка со нашата комора, како и коморите од руската федерација и балтичкиот регион. Исто така, интерес покажал и господинот Leonardo D`Urso кој што преку Италијанскиот модел се понуди да помогне при поставување на новата законска рамка истакнувајќи дека може да помогне околу обезбедување на европски фондови за финансирање на активностите на комората.

По ова, претседателот м-р Славе Младеновски даде објаснување дека Атанас Атанасов ќе биде ангажиран како адвокат на комората и ќе ја застапува без да бара надомест од комората, односно својот ангажман ќе го наплати со наплата на процесните трошоци од тужените страни каде е очигледно дека се прават активности спротивни на законот. КМРСМ ќе направи договор со него каде што ќе има клаузула дека доколку КМРСМ го раскине договорот со Атанас Атанасов, тогаш КМРСМ ќе ги исплати неговите трошоци. Во неговата работа ќе бидат опфатени лицата кои што држат обуки за медијација без акредитација, медијаторите кои водат постапки за медијација без лиценца, како и судиите кои прифаќаат постапки на медијација од нелиценцирани медијатори како и останати активности на лица кои го рушат интегритетот на Комората и членови кои постапуваат спротивно на Етичкиот кодекс на медијаторите.

7. Информација за одржаната Европска Конференција за медијација на тема : Медијацијата и бизнисот, која се одржа на 18.04.2019 год во хотел Континентал во Скопје

Претседателот Славе Младеновски се заблагодари на сите кои што помогнаа за да се одржи оваа конференција и истакна дека вакви активности се планираат и во наредниот период. Во текот на јули или септември оваа година планирана е средба со Елена Колцаки во Грција која што беше гостин на оваа конференција. Секој кој што сака да учествува на оваа средба трошоците ќе ги покрие сам. Во тек се и активности за обезбедување на перманентна обука на медијаторите.

8.Информација за намирување на членаринатa - предлог решенија

Претседателот м-р Славе Младеновски истакна дека одредени медијатори не ја плаќаат членаринатa и дека треба да се најде механизам за наплата на истата. Тој дал предлог на управниот одбор најпрво да им се испрати опомена на овие медијатори, а доколку по 30 дена не ја платат членаринатa и со други средства и начини не се успее во извршувањето на оваа задолжителна обврска, да се предложи до Собранието ваквите колеги медијатори да се избришат од именикот на медијатори.

По оваа точка, за збор се јави медијатор Розе Алексова која потенцира дека надлежноста за наплата на членаринатa и грижа околу оваа обврска, има Управниот одбор. УО треба да провери каква е состојбата и да преземе мерки преку кои ќе се наплати членаринатa од колегите кои досега не ја платиле за секоја од годините кога активно извршува медијаторски работи. Да се провери дали членаринатa се плаќа навремено како што е предвидено до 30.01. секоја тековна година, а за тековната година и дека е прифатливо најпрво да се направи обид со писмена опомена или пратена електронски по што би бил оставен временски рок за плаќање. Доколку во рок од 30 дена не ја платат членаринатa, да се преземат и други средства и начин за наплата, а доколку не се успее во тоа, да се донесе заклучок во кој ќе бидат наведени медијаторите кои што не ја платиле членаринатa и да се достави до Собранието предлог самото собрание да одлучи дали да ги брише од именикот, а согласно одлуката на собранието, потоа УО да превземе мерки и да ја спроведе.

За збор се јави и медијатор Дејан Белевски кој рече дека надлежност на Управниот одбор е да се грижи за наплата на членаринатa и дека треба УО да предложи политика како ќе се постапува и како ќе се грижи за наплата на членаринатa.

Разно

За збор се јави медијатор Лепосава Апостоловски Велинов и праша дали имаме информација дали Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата почнал да прави контроли врз работата на медијаторите.

Медијатор Роза Алексова која е член во Одборот, појасни дека досега сите медијатори (освен еден – Илија Манасиев) во предложениот рок од Одборот, 10.05.2019 година имаат дадено евалуативни листи за нивната работа за 2017 и за 2018 година. Појасни дека по квантитативната евалуација, следи и квалитативна евалуација според усвоената методологија на Одборот а која ќе започне по изготвување на сумарен преглед за работењето на медијаторите за 2017 и за 2018 година. Исто така даде мислење дека е важно секој медијатор да води своја лична евиденција за своите предмети заради прегледност на работата . Притоа, предложи да се ставе вон сила одлуката која ја донесе собранието за одлагање на донесувањето на Правилникот за индивидуален регистар до донесувањето на новиот закон за медијација, бидејќи донесувањето на новиот закон е неизвесно и неможе да се предвиди кога ќе се донесе и кога ќе стапи во сила, со што директно се постапува спротивно на одредбата од чл.50 од Статутот каде е предвидено сите акти Комората да ги донесе во рок од 6 месеци од денот на стапувањето во сила на Статутот. Во интерес на времето а и заради почитување на Статутот , да не се постапува спротивно на истиот. Даде предлог до УО за наредната седница да изготви и предложи правилник за регистар на медијаторите согласно предвидените одредби од Статутот за оваа работа и да изготви одлука со која ќе се стави вон сила претходно усвоената Одлука за одлагање на донесување на Правилникот за индивидуален регистар до донесувањето на нов Закон за медијација.

За збор се јави медијатор Рефика Мурић која ги замоли колегите што пријавени за пишување на текстови за Ревијата, истите да ги достават што побрзо и замоли оние колеги кои што имале поинтересни случаи на медијација да ги споделат во ревијата а да се внимава на начелото на доверливост.

За збор се јави медијатор Атанас Атанасов кој истакна дека има сознание дека медијатор Илија Манасиев повел постапка во Министерство за правда за одземање на лиценците на оние медијатори кои што посетувале основна обука за медијатори во Белград. Побара од претседателот на комората да ја провери оваа информација на начин што ќе побара писмено од Министерството за Правда да се изјасни дали е точна информацијата, како и да се договориме кои чекори ќе се превземат во иднина.

За збор се јави медијатор Роза Алексова која појасни дека Министерството за правда не е надлежно за давање/одземање лиценци, туку оваа надлежност ја има Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, а до сега до Одборот, медијатор Илија Манасиев нема поднесено такво барање. Во секој случај, може да се поднесе писмено барање за официјална информација.

Во 18:50 по исцрпување на сите точки од дневниот ред, заврши Второ Собрание на Комората на медијатори на Република Северна Македонија.

Скопје, 22.05.2019г.

Записничар,
Ана Ромевска

Претседател на комисија за верификација
Гордана Богеска

КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КМРСМ
СКОПЈЕ

Претседател на КМРСМ
м-р Славе Младеновски